1.157.3.42/204

204

ГЛАВЕН ШТАБ
НА НОВ И ПОЙ ЗА МАКЕДОНИЙА
Бр.151
13 декември 1944 г.
Скопйе

До АСНОМ

За да можит брзо и правилно да се извршуват поправките на войните аутомобили, а како немат война работилница се мобилизират работилницата на Бракйа Попоски во Скопйе на следнийот начин:

Работилницата се мобилизира заедно со сите майстори и раководители на истата така, да сите си останува на свойте места кой ги завземале и до сега.

Се поставуа война управа во кой ке влезе како член и досегашнийот пословодйа на работилницата.

Досегашните раководители на оделенийата на работилницата останува на свойте места и за работата на свойте оделенйа се одговори пред управата на работилницата.

Сета материйална одговорност за алатот и машините йе сносат шефовите на работиличките оделенйа и алатарницата. При демобилизацийата на работилницата се демобилисват и овийа раководители на работилницата кой ке си ги предадат оделенийата на власникот во исто состойание во койе ке им бидит во денот на мобилизацийата.

Алат кой ке бидит скршен-уништен при работата на поправките и то утврдит комисийа одредена од штабот на бригадата ке падит на терет на бригадата.

Поправките ке се извршуват од работници и механичари на войната работилница и сега мобилизираните работници и специйалисти од работилницата на Бракйа Попоски.

За да се видат сите работи извршени во работилницата ке се водит од управата КНИГА НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА, во койа ке се отворат страница за секой влезнал автомбил на поправка и на койа страница ке се пиши оправката койа йе извршена и сите материйали кой се потрошени, како и колку работни сатой се употребени за поправката.

С.Ф.- С.Н!

За Полком,
Н. Наумовски

Началник на штабот,
генерал майор
Павлин

Командант,
генерал лейтенант
М. Апостолски